# Извештај за транспарентност

## ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје



# Содржини


- Порака од раководството — 03
- PwC мрежа — 07
- Нашиот пристап кон квалитетот — 09
- Култури и вредности — 14
- Нашите вработени — 23
- Нашиот ревизорски пристап — 27
- Мониторинг — 32
- Правна и управувачка структура — 34
- Додатоци — 40




# Порака од раководството

Порака од раководството

PwC мрежа

Нашиот пристап кон квалитетот

Култури и вредности

Нашите вработени

Нашиот ревизорски пристап

Мониторинг

Правна и управувачка структура

Додатоци



# Порака од раководството

## Добредојдовте во нашиот извештај за транспарентност за 2022 година

Овој извештај вклучува информации за тоа како се управува Друштвото. PwC е мултидисциплинарна фирма и овој извештај првенствено е фокусиран на нашата ревизорска пракса и сродни услуги. Ревизорската професија и понатаму е предизвик и е под значајна јавна контрола. Ние ја разбираме загриженоста и сме посветени на поддржување на промени кои ќе го подобрат квалитетот на ревизијата.

Во PwC, нашата цел е да изградиме доверба во општеството и да решаваме важни проблеми. Ние сме мрежа на фирми во 152 земји со повеќе од 327 000 луѓе, кои се посветени на обезбедување квалитет на ревизорските, советодавните и даночните и правните услуги.

Во јуни 2021 г., ја презентиравме „Новата Равенка" (The New Equation) која претставува значајна глобална стратегија на PwC што одговара на фундаменталните промени во светот, вклучувајќи ги и нарушувањата на технолошките процеси, климатските промени, нарушената геополитика и продолжените ефекти од пандемијата на COVID-19. Новата Равенка (The New Equation) се заснова на анализа на глобалните трендови и разговори со клиенти и засегнати страни. Изградена е врз основа на анализите за одржлив раст на приходите и на континуираните инвестиции во текот на една деценија. Новата Равенка се фокусира на две меѓусебно поврзани потреби со кои се соочуваат клиентите во годините што доаѓаат. Првата е да се изгради доверба, која никогаш не била поважна, ниту потешка да се изгради како денес. Втората потреба е да се обезбедат одржливи резултати во средина каде што конкуренцијата и ризикот од нарушување се поинтензивни од кога било., а општествените очекувања никогаш не биле поголеми. За повеќе информации за Новата Равенка, погледнете на следниот линк https://www.pwc.com/gx/en/

Нашата стратегија продолжува да се надоврзува на нашата постојана посветеност на квалитетот.

Нашите луѓе се клучни за вршење на висококвалитетни ревизии, бидејќи се потпираме на широк спектар на специјалистички вештини стекнати низ нашата мултидисциплинарна пракса. Затоа, постојано ставаме акцент на нашата цел и вредности кои се однесуваат на интегритетот и независноста. Ние продолжуваме да инвестираме во нашите вработени, обезбедувајќи постојан професионален и личен развој преку бројни специјализирани обуки.

Преземавме чекори преку кои го усогласивме нашиот бизнис да го поддржува овој фокус врз квалитетот на ревизијата. Постојано инвестираме во иновации и во нова технологија за поддршка на нашите услуги низ целата мрежа, за да одговориме на промените на ревизорските предизвици во дигиталната ера и да го подобриме квалитетот на нашите ревизорски услуги.

Земени заедно, овие мерки претставуваат значителна трансформација на нашиот клучен ревизорски бизнис и ги поддржуваат нашиот фокус кон квалитетот на ревизијата, и нашите одговорности од јавен интерес.

Во фискалната 2022 година, PwC Централна и Источна Европа (PWC ЦИЕ) ги објави следните обврски поврзани со Новата равенка:

↘ Инвестиции во способности за услуги на клиентите и ESG – 6 милиони УСД за ESG, создавање на ESG Centre of Excellence на ниво на ЦИЕ;
↘ Net Zero – Лансирана е алатка за следење на $CO2$ во земјите од ЦИЕ;
↘ Нов свет, нови вештини – Дигитално усовршување на 12.000 наши луѓе до крајот на фискална 2023 год
↘ Луѓе и таленти – Алокација на повеќе од 10 милиони УСД за развојни активности и благосостојба.



# Порака од раководството



Пристапот на PwC за градење доверба е дизајниран да ги исполни зголемените очекувања за транспарентност, одговорност и ангажирање на засегнатите страни. Ја комбинира експертизата од активностите за ревизија, даноци и усогласеност со напорите за проширување на специјализираните способности во области како што се сајбер безбедноста, приватноста на податоците, ESG и Вештачка интелигенција. Нашиот пристап исто така ја препознава важноста на квалитетот - и дека известувањето и усогласеноста претставуваат само една алка во синџирот кој вклучува организациска култура, менаџерски начин на размислување, усогласени стандарди, сертифицирани професионалци, строги контроли, приспособени технологии и соодветно управување.

Слично на градењето доверба, обезбедувањето одржливи резултати бара од нас да работиме на интегриран начин. Наместо да заземa традиционален пристап кон трансформацијата управуван од технологијата, PwC се фокусира на резултатите кои нашите напори се обидуваат да ги постигнат. За да ги испорачаме договорените резултати, ја мобилизираме сета наша експертиза во областите, вклучувајќи - меѓу многу други - стратегија, дигитални и cloud услуги, создавање вредност, луѓе и организација, даноци, известување за одржливост, бизнис зделки, услуги за обновување на бизнисот и усогласеност со законите.

Нашата нова стратегија се надоврзува на нашата постојана посветеност на квалитетот, нашите луѓе и инвестициите во иновации и нова технологија.

Овој Извештај за транспарентност го подготвивме за финансиската година што завршува на 31 декември 2022 година, согласно член 35 од Законот за ревизија („Службен весник на РСМ“ бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188 /2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018) и Упатството за подготовка на извештај за транспарентност, издадено од Советот за унапредување и надзор над ревизијата на Република Северна Македонија.

Драган Давитков

Партнер, управител и овластен ревизор

Скопје, 31 март 2023 г.

# Порака од раководството

## Порака од нашиот лидер за ревизија

Довербата лежи во срцето на сè што правиме во PwC. Тоа е основно за исполнување на целта на нашето Друштво. Еден од начините на градење доверба е тоа што сме транспарентни.

Како ревизори, ние сме исто така свесни за друг двигател на доверба: квалитетот на нашите надворешни ревизии. Затоа со задоволство го презентираме нашиот Извештај за транспарентност за финансиската година што заврши на 31 декември 2022 година, кој покажува како го одржуваме квалитетот на нашата ревизорска работа. Извештајот ги опишува нашите политики, системи и процеси за обезбедување квалитет, резултатите од клучните програми за следење на квалитетот и проверките, и начинот на кој ја негуваме културата на квалитет на секое ниво на фирмата. Во него се дадени детали за друштвата за кои извршивме ревизии и вкупните приходи од нашата ревизорска и ревизорска сродна работа.

## Проширување на дефиницијата за квалитет на ревизија

Ги поздравуваме јавните дискусии кои произлегуваат како резултат на транспарентноста за квалитетот на ревизијата. Сметаме дека има многу фактори кои придонесуваат за квалитетна ревизија и за да се добие избалансирана слика за квалитетот на ревизијата во Република Северна Македонија, засегнатите страни треба да видат низа мерки.

## Продолжување на дискусијата за квалитетот на ревизијата

Нашиот ревизорски бизнис е фундаментален за нашата стратегија и бренд. Продолжуваме да инвестираме во континуирано подобрување на квалитетот на ревизијата преку нови системи и технологија, процеси на ризик и учење и развој за нашите луѓе. Горд сум на улогата што ја играме во отворањето дискусија за квалитетот на ревизијата во Република Северна Македонија. Ја поздравувам можноста да го продолжиме разговорот преку нашиот Извештај за транспарентност.

Нашата крајна цел е Советот за унапредување и надзор над ревизијата на Република Северна Македонија и Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија да смета дека сме добиле разумно уверување во сите ревизорски области. Имаме воспоставено план за подобрување на квалитетот насочен кон постигнување на оваа цел.

Драган Давитков

Партнер, управител и овластен ревиз

Скопје, 31 март 2023 г.



# PwC мрежа

Порака од раководството

PwC мрежа

Нашиот пристап кон квалитетот

Култури и вредности

Нашите вработени

Нашиот ревизорски пристап

Мониторинг

Правна и управувачка структура

Додатоци



# PwC мрежа

## Глобална мрежа

PwC е брендот под кој работат фирмите-членки на PricewaterhouseCoopers International Limited (PwCIL) и обезбедуваат професионални услуги. Заедно, овие фирми ја формираат мрежата на PwC. „PwC“ често се користи за именување или поединечни фирми во мрежата на PwC или на неколку, или на сите нив колективно.

Во многу делови од светот, сметководствените фирми се обврзани со закон да бидат во локална сопственост и независни. Мрежата PwC не е глобално партнерство, единствена фирма или мултинационална корпорација. Мрежата на PwC се состои од фирми кои се посебни правни лица.



## PricewaterhouseCoopers International Limited

Фирмите во мрежата на PwC се членки или имаат други врски со PwCIL, англиска приватна компанија. PwCIL не практикува сметководство и не обезбедува услуги на клиентите. Наместо тоа, нејзината цел е да дејствува како координативен ентитет за фирмите-членки во мрежата на PwC. Фокусирајќи се на клучните области како што се стратегијата, брендот и ризикот и квалитетот, PwCIL го координира развојот и спроведувањето на политиките и иницијативите за да постигне заеднички и координиран пристап меѓу поединечните фирми-членки каде што е соодветно. Фирмите-членки на PwCIL можат да го користат името на PwC и да ги користат ресурсите и методологиите на мрежата PwC. Дополнително, фирмите-членки може да се потпираат на ресурсите на други фирми-членки и/или да обезбедат професионални услуги од други фирми-членки и/или други субјекти. За возврат, фирмите-членки се обврзани да се придржуваат до одредени заеднички политики и да ги одржуваат стандардите на мрежата PwC како што се предложени од PwCIL.

Мрежата PwC не е едно меѓународно партнерство. Фирмата-членка не може да дејствува како застапник на PwCIL или на која било друга фирма-членка, не може да го обврзува PwCIL или која било друга фирма-членка, и е одговорна само за своите дела или пропусти, а не за оние на PwCIL или која било друга фирма-членка. Слично на тоа, PwCIL не може да дејствува како застапник на која било фирма-членка, не може да обврзува која било фирма-членка и е одговорна само за своите дела или пропусти. PwCIL нема право или способност да го контролира вршењето на професионалното расудување на фирмата-членка.

## Органите на управување на PwCIL се:

- **Глобален одбор,** кој е одговорен за управувањето со PwCIL, надзорот на лидерскиот тим на мрежата и одобрувањето на мрежните стандарди. Одборот нема надворешна улога. Членовите на одборот се избираат од партнери од сите фирми на PwC ширум светот на секои четири години.

- **Лидерски тим на мрежата,** кој е одговорен за поставување на целокупната стратегија за мрежата на PwC и стандардите до кои фирмите на PwC се согласуваат да се придржуваат.

- **Стратешкиот совет,** кој е составен од лидерите на најголемите PwC фирми и региони на мрежата, се согласува за стратешката насока на мрежата и го олеснува усогласувањето за извршување на стратегијата.

- **Глобалниот лидерски тим** кој е назначен од страна на Лидерскиот тим на мрежата и претседавачот на мрежата PwC и поднесува извештај. Неговите членови се одговорни за водечки тимови составени од мрежни фирми за да ги координираат активностите во сите области на нашиот бизнис.

  Главниот извршен директор на ЦИЕ, Адам Карсон, ја претставува фирмата во Стратешкиот совет и ги одржува нашите односи со лидерскиот тим на мрежата. До 31 декември 2022 Ник Кос беше Главен извршен директор на ЦИЕ

# Нашиот пристап кон квалитетот

Порака од раководството

PwC мрежа

Нашиот пристап кон квалитетот

Култури и вредности

Нашите вработени

Нашиот ревизорски пристап

Мониторинг

Правна и управувачка структура

Додатоци



# Нашиот пристап кон квалитетот

## Дефиниција и култура

Во PwC, ние ја дефинираме квалитетната услуга како услуга која постојано ги исполнува очекувањата на нашите засегнати страни и која е во согласност со сите важечки стандарди и политики. Важен дел за остварување на оваа дефиниција за квалитет е градењето култура низ мрежа од 327.000 луѓе, вклучувајќи ги и нашите 90 вработени во локалното ревизорско друштво и 147 вкупно во PwC Северна Македонија, што нагласува дека квалитетот е одговорност на сите. Континуираните напори насочени кон унапредување на оваа култура на квалитет е значајна област на фокус за нашите глобални и локални лидерски тимови и која игра клучна улога во мерењето на нивните перформанси.





## Мерење и транспарентност

За сите наши бизниси, секое друштво на PwC – како дел од договорот со кој тие се членки на мрежата PwC – се бара да има строг систем за управување со квалитетот (SoQM), годишно да врши проценка на перформансите на SoQM и да ги соопшти резултатите од овие проценки на глобалното раководство. Овие резултати потоа детално се дискутираат со раководството на секое локално друштво и доколку не се на нивото кое се очекува, се договара план за подобрување со локалното раководство кое презема лична одговорност за успешно спроведување на истиот.

Како што нашите услуги се менуваат и се развиваат, а и потребите и очекувањата на нашите засегнати страни исто така се менуваат, ние постојано ги разгледуваме и ажурираме обемот, опсегот и операциите на нашиот систем за управување со квалитетот и инвестираме во програми за подобрување на квалитетот на услугите што ги обезбедуваме.

# Специфичен фокус на квалитетот на ревизијата

Квалитетот на нашата работа е во срцето на PwC мрежата и ние инвестираме значителни и сè поголеми ресурси во континуирано подобрување на квалитетот низ нашата мрежа. Ова вклучува имање инфраструктура со силен квалитет поддржана од вистинските луѓе и основни алатки и технологија како на ниво на мрежа така и во рамките на нашата фирма. Организацијата за глобален гарантен квалитет (GAQ) на PwC мрежата има за цел да ги поддржи фирмите-членки во промовирање, овозможување и континуирано подобрување на квалитетот на ревизијата преку ефективни политики, алатки, насоки и системи кои се користат за понатамошно промовирање и следење на квалитетот и за градење соодветно ниво на конзистентност во нашата работа.

Секоја фирма е одговорна за искористување на ресурсите обезбедени од мрежата како дел од нашите напори да обезбедиме квалитет за да ги исполниме очекувањата на нашите засегнати страни.

### Рамка за управување со квалитет (QMSE)

За да ги испорача услугите на ефективен и ефикасен начин што ги исполнува очекувањата на нашите клиенти и другите засегнати страни, мрежата на PwC воспостави рамка за управување со квалитет за извонредност на услуги (Quality Management for Service Excellence - QMSE), која го интегрира управувањето со квалитетот во деловните процеси ширум компанијата.

Оваа рамка воведува севкупна цел за квалитет која е поддржана од низа основни цели за управување со квалитетот и нашиот систем за управување со квалитет (SoQM) мора да биде дизајниран и да функционира така што овие цели се постигнуваат со разумно уверување.

### Специфичен фокус на квалитетот на ревизијата

Квалитетот на ревизијата е основа за нашата цел. Поради тоа, ние сме посветени на обезбедување квалитетна ревизија. Меѓутоа, онаму каде што нашата работа е под стандардите што самите си ги поставивме и што ги поставуваат регулаторите, сериозно ги сфаќаме секој од овие случаи и работиме напорно за да извлечеме поука и да го подобриме квалитетот на ревизиите што ќе ги вршиме во иднина.

### Вистинските цели и способности

За да ни помогне да ја спроведеме оваа стратегија, PwC мрежата воспостави јасни цели околу квалитетот на ревизијата и обезбедува поддршка за да ги исполниме овие цели. Нашите ревизорски тимови можат да обезбедат квалитетни ревизорски услуги само доколку имаат пристап до сè што им е потребно - и од аспект на човечки ресурси и од аспект на технологија. Затоа, нашите цели за квалитет се фокусираат на тоа нашите вработени да ги имаат вистинските способности - и на ниво на друштво-членка и низ нашата мрежа - и на користење на овие способности за да ги исполнат нашите сопствени стандарди и професионалните барања. Овие способности можат да се развиваат само под правилно водство и соодветна култура, промовирајќи ги вистинските вредности и однесување.

### Интегрираност и усогласеност на вистински начин

Целите за квалитет се фокусираат на тоа да имаат соодветни луѓе поддржани од ефективни методологии, процеси и технологија соодветно насочени и надгледувани. Тие ги претставуваат способностите за кои веруваме дека се релевантни за постигнување и одржување на квалитетот на ревизијата. За да ни помогнат да ги постигнеме овие цели, постојат голем број наменски функции на ниво на мрежа кои развиваат практични алатки, насоки и системи за поддршка и следење на квалитетот на ревизијата низ нашата мрежа. Овие елементи се интегрирани и усогласени од нашата мрежа за да се создаде сеопфатна, холистичка и меѓусебно поврзана рамка за управување со квалитетот што ја приспособуваме да ги одразува нашите индивидуални околности.

### Доследно доставување квалитетен краен производ

Основно во рамката е признавањето дека управувањето со квалитетот не е посебен концепт; тоа треба да биде вградено во сè што правиме како поединци, тимови, фирми и мрежа. Целите за квалитет се поддржани од одредени клучни активности кои се сметаат за неопходни за постигнување на целите за квалитет, фокусирани главно на градење квалитетна инфраструктура и организација. Соодветно ги дополнуваме и дизајнираме тие клучни активности за да одговориме на ризиците што ги идентификувавме за постигнување на секоја цел во однос на квалитет.

### Вредности и проценки

За извршување на квалитетни ревизии потребно е повеќе од воспоставување на соодветни процеси. Во својата суштина, улогата на ревизорот е да процени со „разумен“ степен на уверување дали финансиските извештаи подготвени од раководството на Друштвото се ослободени од материјални погрешни прикажувања - што подразбира носење на професионално расудување за тоа дали финансиските извештаи претставуваат правилна слика за финансиското работење и финансиската позиција на Друштвото. За ефикасно извршување на оваа проценка, ревизорот треба да ги искористи сите можности што постојат во согласност со нашите цели за квалитет. Тие вклучуваат примена на етичко однесување во согласност со вредностите на PwC, професионален скептицизам, специјалистички вештини и расудувања - сето тоа поддржано од технологијата.

# Влијанието на надворешните фактори врз нашиот систем за управување со квалитетот

Во изминатите неколку години сведочевме на досега невидени предизвици. Од глобалната пандемија на COVID-19, до руската инвазија на Украина (во натамошниот текст „војната во Украина“), овие настани се пред сѐ човечки трагедии. Нашиот систем за управување со квалитетот го одразува нашиот одговор на овие настани и променливите ризици врз основа на влијанијата кои тие ги имаат врз нашите клиенти, нашите вработени и начинот на кој работиме, вклучувајќи ги и новите или ревидираните политики и процедури во нашата фирма кои се имплементирани или се предмет на разгледување во даден момент. Според QMSE рамката, нашиот систем за управување со квалитетот е дизајниран и се одвива на начин кој ги зема предвид промените во фактите и околностите што резултираат со:

- Нови или променливи ризици за квалитетот кои влијаат врз постигнување на една или повеќе цели за квалитет;
- Промени во проценката на ризикот на постоечките ризици за квалитет;
- Промени во дизајнот на системот за управување на квалитет на фирмата, вклучувајќи ги и одговорите на ризиците.

QMSE рамката ни помогна да се движиме низ промените во опкружувањето на нашата фирма, со проценка на комплетноста и ефективноста на нашите одговори, вклучително и секој дополнителен мониторинг што треба да се воспостави, и идентификување на празнините за справување со новопојавените ризици за квалитет.

## Споделување на развојот и искуството COVID-19

Од раните фази на пандемијата, PwC мрежата воспостави тим за следење на случувањата на глобално ниво и за идентификување на области од клучна важност за да се осигура дека не е направен компромис во однос на квалитетот на ревизијата и повеќе од две години од пандемијата го задржавме нашиот фокус на оние области кои влијаат на нашите клиенти, нашите вработени и начинот на кој работиме. Ги искористивме упатствата и советите развиени од нашата мрежа за да обезбедиме одржливи и доследни водство и насоки за квалитетот на ревизијата и да ги подготвиме нашите тимови да ги земат предвид уникатните околности на нивниот клиент и соодветно да одговорат на истите.

Пандемијата со COVID-19 резултираше со соочување со низа нови предизвици во нашите ревизии. Тие се движеа во рамките од тоа како ние работиме како тим за да се соочиме со предизвиците во фазата на планирање и комплетирање на ревизијата, до тоа како комуницираме со нашите клиенти за да ги добиеме потребните ревизорски докази и да извршуваме специфични процедури за ревизија, како што е спроведување на процедурите во врска со следење на физичкиот попис на залихи.

## Одговорот на нашата мрежа на војната во Украина, вклучувајќи го одвојувањето на PwC Русија и Белорусија и нашиот пристап кон санкциите

По инвазијата на руската влада на Украина, главниот фокус на PwC мрежата продолжува да биде насочен кон помош на нашите колеги и поддршка на хуманитарните напори за помош на украинскиот народ.

Одговорот на PwC мрежата на војната во Украина резултираше со неколку дејствија, вклучувајќи ја и одлуката дека, според околностите, PwC не треба да има фирми членки во Русија и Белорусија. Следствено, PwC Русија и PwC Белорусија ја напуштија мрежата.

Покрај тоа, PwC мрежата ја напушта работата за руски субјекти и поединци кои се предмет на санкции. Секоја санкција за руски субјекти или поединци што е донесена каде било во светот се применува насекаде во PwC мрежата. Мрежата нема да преземе никаква работа за руската федерална влада или државните претпријатија и спроведе прегледи за да ги идентификува ангажманите со несанкционирани руски клиенти и да ја земе предвид соодветноста на која било тековна поврзаност.

Одговорот на нашата мрежа на конфликтот, вклучувајќи ги одвојувањето на PwC Русија и PwC Белорусија, пристапот кон санкциите, како и разгледувањето на пошироките ризици кои влијаат на нашите клиенти се вклучени во системот за управување на квалитет на нашата фирма преку идентификација на потенцијалните ризици за квалитет кои постојат или може да се појават. Нашата фирма ги следи активностите што ги имаме и ги преземаме за да се справиме со идентификуваните ризици и да процени дали се потребни дополнителни промени во системот за управување на квалитет на нашата фирма или начинот на кој ги извршуваме нашите ангажмани и комуницираме со нашите клиенти.

# Изјава на раководството за ефективноста на функционирањето на системот за внатрешна контрола на квалитетот

Раководството на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје смета дека дека системот за контрола на квалитет опишан во овој Извештај за транспарентност е во согласност со сите важечки прописи и дека обезбедува разумна основа за верување дека законските ревизии извршени од ПрајсвтерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје доследно ги исполнуваат потребните стандарди во однос на квалитетот.

Следењето на квалитетот е составен дел од програмата за континуирано подобрување на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје. ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје во напорите за подобрување на политиките, процедурите и квалитетот во работата континуирано ги проценува резултатите добиени од формалните проверки на квалитет како и од разни неформални извори. Доколку постојат случаи на неисполнување на стандардите за квалитет, овластениот ревизор е упатен да го подобри работењето. Се преземаат соодветни чекори за да се постигне подобрување преку сите можни средства што може да вклучуваат и финансиски казни или дури и отпуштања.

Врз основа на извршените проверки, раководството на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје е задоволно што внатрешниот систем за контрола на квалитетот на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје работи ефикасно. Сите прашања идентификувани преку различните процеси на следење и проверки се решаваат со соодветни корективни активности.



# Последна проверка за осигурување на квалитет

Согласно Законот за ревизија, проверка на квалитетот на ревизорското друштво се врши на секои 3 години.

Последната надворешна проверка за осигурување на квалитетот во согласност со член 19 од Законот за ревизија е извршена од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во периодот помеѓу октомври 2022 г. до февруари 2023 г. Предмет на проверката беа ревизорските ангажмани за фискалната година што заврши на 31 декември 2021 година и проценка на усогласеноста со Меѓународниот стандард за контрола на квалитетот (International Standard of Quality Control - ICQC 1). Во финалниот извештај беше наведено дека сите ревизорски ангажмани предмет на проверка и политиките за контрола на квалитетот на друштвото се оценети како „Усогласени“.

Друштвото ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје продолжува да биде регистрирано за вршење на законски ревизорски работи во Република Северна Македонија.

Покрај тоа, друштвото е под постојан процес на контрола на квалитетот од внатрешните форми на контрола на PwC мрежата на годишно ниво или по потреба како што е наведено погоре.

# Култури и вредности

Порака од раководството

PwC мрежа

Нашиот пристап кон квалитетот

Култури и вредности

Нашите вработени

Нашиот ревизорски пристап

Мониторинг

Правна и управувачка структура

Додатоци



# Култури и вредности

## Лидерство и „тон на врвот"

Нашата цел и вредности се темелот на нашиот успех. Нашата цел е да изградиме доверба во општеството и да решаваме важни проблеми, а нашите вредности ни помагаат да ја исполниме таа цел. Нашата цел го одразува „зошто" го правиме она што го правиме, а нашата стратегија нè насочува „што" да правиме. „Како" ја испорачуваме нашата цел и стратегија е водено од нашата култура, вредности и однесување. Ова ја формира основата на нашиот систем за управување со квалитетот и проникнува во начинот на кој работиме, како ги водиме нашите активности и како градиме доверба во нашите деловни активности, едни со други и во нашите заедници.

Кога работиме со нашите клиенти и нашите колеги за да изградиме доверба во општеството и да решаваме важни проблеми, ние:

- Постапуваме со интегритет
- Правиме разлика
- Се грижиме
- Работиме заедно
- Го преосмислуваме можното

Клучните пораки се соопштуваат до сите во друштвото од страна на раководството и се засилени со пораките пратени од лидерите за ангажманите. Овие комуникации се фокусираат на она што го правиме добро и активностите што можеме да ги преземеме за да направиме подобрувања. Следиме дали нашите вработени веруваат дека пораките на нашите лидери ја пренесуваат за важноста на квалитетот за успехот на нашето друштво. Врз основа на ова следење, ние сме убедени дека нашите вработени ги разбираат нашите цели за квалитет на ревизијата

## Мерки за квалитет на ревизија

- Employee survey results or Global People Survey: People Engagement Index резултати
- Global People Survey: Quality Behavior Index резултати



# Култури и вредности

Обезбедувањето услуги со највисок квалитет е суштината на нашата цел и нашата стратегија за ревизија, чиј фокус е зајакнување на довербата и транспарентноста кај нашите клиенти, на пазарите на капитал и пошироко во општеството.

Како помош за ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје да ја спроведе оваа стратегија,PwC мрежата воспостави рамка за управување со квалитет наречена Рамка за управување со квалитет на услугите (QMSE) која воведува севкупна цел за квалитет на ревизорската практика која е поддржана од низа основни цели за управување со квалитет. Нашиот систем за управување со квалитет (SoQM) мора да биде дизајниран и управуван така што овие цели се постигнуваат со разумна сигурност. Постигнувањето на овие цели е поддржано од **процес на управување со квалитетот** воспоставен од нашата фирма и раководството одговорно за ревизорски услуги, одговорните за деловни процеси, партнерите и вработените

Ова вклучува интегрирана употреба на показатели за осигурување на квалитет кои имаат за цел да **предвидат** проблеми со квалитетот, осигурување на квалитет во реално време за да се **спречат** проблеми со квалитетот, анализа на основните причини за **да научиме** од проблемите со квалитетот и рамка за препознавање и одговорност со цел да се **зајакнат** квалитетните однесувања, култура и акции.

Овие програми се дизајнирани на начин кој бара тековно следење и постојано подобрување, особено показателите за оигурување на квалитет, кои очекуваме значително да се развиваат со текот на времето како што продолжуваме да ги користиме и да учиме од овие мерки.

## Процесот на управување со квалитетот

Овој процес на управување со квалитетот вклучува:

- идентификување на ризиците за постигнување на целите за квалитет;
- дизајнирање и спроведување на одговори на проценетите ризици за квалитет;
- следење на дизајнот и оперативната ефикасност на политиките и процедурите преку мониторинг активности интегрирани во процесите, како што се осигурување на квалитет во реално време и употреба на соодветни индикатори за квалитет;
- постојано подобрување на системот за управување со квалитетот во случаи кога се идентификувани области за подобрување, преку извршување анализи за основните причини и спроведување на активности за поправка и
- воспоставување рамка за признавање и одговорност поврзана со квалитетот што ќе се користи при одлуки за оценки, награди и напредување во кариерата

## Цел да се предвиди: Индикатори за осигурување на квалитет

Идентификувавме сет на индикатори за квалитет на ревизијата (Assurance Quality Indicators- AQI) кои ги поддржуваат нашите тимови во рано идентификување на потенцијалните ризици за квалитетот, користејќи метрика со цел да предвидат проблеми. Оваа анализа на ризик за квалитетот е суштински дел од нашиот QMSE, а AQI, покрај другите мерки на перформансите, даваат и клучна алатка за тековно следење и постојано подобрување на нашиот SoQM.

## Цел да се спречи: Осигурување на квалитетот во реално време

Развивме програма за осигурување на квалитет во реално време („Real Time Assurance- RTA") дизајнирана да обезбеди превентивно следење на квалитетот што им помага на тимовите на ангажманот да ја завршат „вистинската работа" во реално време, односно за време на извршувње на ревизијата.

## Учење: Анализа на причините

Спроведуваме анализи за да ги идентификуваме потенцијалните фактори кои придонесуваат за квалитетот на ревизијата на нашето друштво за да можеме да преземеме активности за постојано подобрување. Нашите примарни цели при спроведување на вакви анализи е да разбереме што ни кажуваат наодите од нашиот SoQM и да идентификуваме како нашето Друштво може да обезбеди најдобра можна средина за нашите тимови да извршат квалитетна ревизија на ангажманите. Ги разгледуваме наодите за квалитет од сите извори, вклучително и тековното следење на SoQM, како и проверките кои ги прави Мрежата на нашиот SoQM.

# Култури и вредности

## Зајакнување: Рамка за признавање и одговорност

Нашата Рамка за признавање и одговорност (Recognition and Accountability Framework-„RAF“) го зајакнува квалитетот во сè што прават нашите вработени при спроведувањето на нашата стратегија, со фокус на обезбедување услуги за нашите клиенти, на тоа како работиме со нашите луѓе и развиваме култура со висок квалитет. Според рамката партнерите, вклучително и лидерите на ангажманите кои не се партнери се одговорни за резултатите од квалитетот [над барањата за усогласеност со стандардите]. Нашиот RAF ги разгледува и ги адресира следните клучни елементи:

- Резултати за квалитет: Обезбедуваме транспарентни резултати од проверките на квалитетот за да се измери постигнувањето на целите за квалитет. Резултатите од проверките ги земаат предвид исполнувањето на професионалните стандарди како и стандардите и политиките на нашето друштво и PwC мрежата.

- Однесување: Поставивме очекувања за правилно однесување што го поддржува правилниот став кон квалитетот, вистинскиот тон од врвот и силниот ангажман за остварување на целта за квалитет.

- Мерки за интервенција / признавање: Воспоставивме мерки за интервенција и признавање што промовираат и зајакнуваат позитивно однесување и водат кон култура на квалитет.

- Последици / награда: Имплементиравме финансиски и нефинансиски казни и награди кои се сразмерни на резултатот и однесувањето и се доволни за поттикнување на правилно однесување за постигнување на целите за квалитет.



## Етика, независност и објективност

### Етика

Во PwC се придржуваме до основните принципи на етика утврдени во Кодексот за етика за професионални сметководители (Кодексот) на Меѓународниот одбор за етички стандарди за сметководители (IESBA), кои се:

I. Интегритет – да се биде директен и искрен во сите професионални и деловни односи.
II. Објективност – да не се дозволи пристрасност, конфликт на интереси или несоодветното влијание на другите да ги надминат професионалните или деловните проценки.
III. Професионална компетентност и соодветна грижа – да се одржи професионалното знаење и вештина на ниво кое е потребно за да се осигури дека клиентот или работодавачот добива компетентна професионална услуга врз основа на тековните случувања во практиката, законодавството и техниките и да се дејствува внимателно и во согласност со применливите технички и професионални стандарди.
IV. Доверливост - да се почитува доверливоста на информациите стекнати како резултат на професионални и деловни односи и, според тоа, да не се соопштуваат било какви информации на трети страни без соодветно и конкретно овластување, освен ако постои законско или професионално право или должност за откривање, ниту да се користат информациите за лична предност на професионалниот сметководител или трети лица.
V. Професионално однесување – да се усогласат со релевантните закони и прописи и да се избегне какво било дејствие што ја дискредитира професијата.

Стададите на мрежата кои се применливи за сите друштва во мрежата опфаќаат различни области, вклучувајќи етика и деловно однесување, независност, спречување на перење пари, анти-труст/фер-конкуренција, антикорупција, заштита на информации, оданочување на друштвата и партнерите, закони за санкции, внатрешна ревизија и инсајдерско тргување. Ние сериозно го сфаќаме почитувањето на овие етички барања и се стремиме да го прифатиме духот, а не само формата на тие барања. Сите партнери и вработени посетуваат задолжителна годишна обука, и доставуваат годишни потврди за усогласеност со овие барања, како дел од системот за поддршка на соодветно разбирање на етичките барања според кои работиме. Партнерите и вработените ги поддржуваат и ги почитуваат стандардите развиени од PwC мрежата и раководството во ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје ја следи усогласеноста со овие стандарди.



Покрај вредностите на PwC (постапуваме со интегритет, правиме разлика, се грижиме, работиме заедно, го преосмислуваме можното) и целите на PwC, ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје ги усвои стандардите за мрежата на PwC кои вклучуваат Кодекс на однесување и сродни политики кои јасно ги опишуваат однесувањата што се очекуваат од нашите партнери и другите вработени - однесување што ќе ни овозможи да изградиме доверба кај јавноста. Поради широк спектар на ситуации со кои можат да се соочат нашите професионалци, нашите стандарди обезбедуваат водство под широк спектар на околности, но сите со заедничка цел - да ја направат вистинската работа.

По вработувањето, на вработените во ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје им е даден Глобалниот кодекс на однесување на PwC. Од нив се очекува да живеат според вредностите изразени во Кодексот во текот на нивната професионална кариера и имаат одговорност да пријавуваат и да изразуваат загриженост и да го сторат тоа праведно, искрено и професионално кога се справуваат со тешка ситуација или кога набљудуваат неконзистентно однесување со Кодексот. Секое друштво во мрежата PwC обезбедува механизам за пријавување загрижености. Постои и доверлива опција за глобално известување на pwc.com/codeofconduct. ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје донесе рамка за одговорност за да се олесни санирање на однесувањата што не се во согласност со Кодексот на однесување.

Кодексот на однесување на PwC е достапен на интернет за сите внатрешни и надворешни заинтересирани страни на https://www.pwc.com/ethics.

Организацијата за економска соработка и развој (OECD) обезбедува насоки, вклучувајќи ги насоките на OECD за мултинационални претпријатија (Насоки на OECD), по пат на необврзувачки принципи и стандарди за одговорно деловно однесување за работа на глобално ниво. Насоките на OECD обезбедуваат вредна рамка за поставување на применливите барања и стандарди за усогласеност. Иако мрежата на PwC се состои од фирми кои се посебни правни лица кои не формираат мултинационална корпорација или претпријатие, мрежните стандарди и политики на PwC се информирани и ги исполнуваат целите и задачите на Насоките на OECD.





## Објективност и независност

Како ревизори на финансиски извештаи и даватели на други видови професионални услуги, од фирмите членки на PwC и нивните партнери и вработени се очекува да се усогласат со основните принципи на објективност, интегритет и професионално однесување. Во однос на клиентите за ангажмани на уверување, независноста ги поткрепува овие барања. Усогласеноста со овие принципи е од суштинско значење за пазарите на капитал и за нашите клиенти.

Глобалната политика за независност на PwC, која се заснова на Кодексот на етика на IESBA, вклучувајќи и меѓународните стандарди за независност, содржи минимални стандарди кон кои се придржуваат фирмите-членки на PwC, вклучувајќи и процеси што треба да се следат за да се одржи независноста од клиентите, кога е потребно.

На ниво на Централна и Источна Европа (ЦИЕ) имаме назначен партнер (познат како „Партнер одговорен за независност" или „PRI") со соодветен стаж и статус, кој е одговорен за спроведување на Глобалната политика за независност на PwC, вклучително и управување со поврзаните процеси за независност и обезбедување поддршка на бизнисот. PRI е поддржан од тим специјалисти за независност. PRI известува директно до главниот директор за ризици на ЦИЕ, член на лидерскиот тим на фирмата.

## Политики и практики за независност

Глобалната политика за независност на PwC ги опфаќа, меѓу другото, следните области:

- лична независност и независност на фирмата, вклучувајќи политики и насоки за поседување финансиски интереси и други финансиски аранжмани, на пр., банкарски сметки и заеми од страна на партнерите, вработените, фирмата и нејзините пензиски шеми;
- неревизорски услуги и договори за надоместоци. Политиката е поддржана со Изјави за дозволени услуги (SOPS), кои обезбедуваат практични насоки за примената на политиката во однос на неревизорските услуги за клиентите на ревизија и поврзаните субјекти;
- деловни односи, вклучувајќи политики и насоки за заеднички деловни односи (како што се заеднички вложувања и заеднички маркетинг) и за купување на стоки и услуги стекнати во нормалниот тек на деловното работење; и
- прифаќање на нови клиенти за ревизија и ангажмани за уверување, и последователно прифаќање на неревизорски услуги за тие клиенти.

Дополнително, постои Политика за управување со мрежен ризик која ги регулира барањата за независност поврзани со ротацијата на клучните партнери за ревизија.

Овие политики и процеси се дизајнирани да помогнат на PwC да се усогласи со релевантните професионални и регулаторни стандарди за независност што се применуваат за обезбедување услуги за уверување. Политиките и придружните упатства се прегледуваат и ревидираат кога ќе се појават промени, како што се ажурирања на законите и регулативите или како одговор на оперативни прашања.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје верува дека опкружувањето за контрола на квалитетот ја дополнува глобалната политика за независност на PwC како што се бара со локалните регулативи каде што тие се порестриктивни од политиката на мрежата, вклучувајќи ги барањата за независност на Комисијата за хартии од вредност на Соединетите држави и оние на Одборот за надзор на сметководството на јавните претпријатија на Соединетите Американски Држави.

## Системи и алатки поврзани со независноста

Како членка на PwC мрежата, ПрајсвтерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје има пристап до голем број системи и алатки кои ги поддржуваат фирмите членки на PwC и нивните вработени во извршувањето на работата и усогласувањето со нашите политики и процедури за независност. Тие вклучуваат:

Централен систем на субјекти („CES"), која содржи информации за корпоративни субјекти, вклучително ревизорски клиент од јавен интерес и SEC клиенти и нивните поврзани хартии од вредност. CES помага при утврдување на ограничувањата на клиентите на фирмата-членка и на другите фирми-членки на PwC пред да влезат во нов ангажман или други деловни односи.

Овој систем исто така е поврзан со системот Independence Checkpoint и Authorisation for Services.

Independence Checkpoint овозможува одобрување на сите партнери и менаџери на праксата за стекнување со хартии од вредност со кои се тргува јавно пред стекнувањето и ги евидентира нивните последователни набавки и продажби. Кога фирма-членка на PwC ќе добие нов клиент за ревизија, овој систем автоматски ги известува оние што имаат хартии од вредност во тој клиент за барањето да ја продадат хартијата од вредност кога е потребно;



- Овластување за услуги („AFS“) што е глобален систем што ја олеснува комуникацијата помеѓу лидерот на ангажманот за неревизорски услуги и лидерот на ангажманот за ревизија, во врска со предложената неревизорска услуга, документирајќи ја анализата на сите можни закани за независност кои настануваат поради предложента услуга и предложените заштитни мерки, каде што се смета за потребно, и дејствува како запис за заклучокот на партнерот за ревизија за тоа дали услугата е дозволена;
- Глобалната апликација JBR на Salesforce се користи за зачувување на сите одобрени деловни односи што ги склучува ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје. Овие деловни односи се прегледуваат на шест месечна основа за да се обезбеди нивната тековна дозволеност и
- Глобален систем за известување за прекршувања кој е дизајниран да се користи за известување за какви било прекршувања на прописите за независност на надворешниот ревизор (на пр., оние утврдени со регулативи или професионални барања) каде што прекршувањето има прекугранични импликации (на пр., кога се случува прекршување на една територија што влијае на ревизорски однос на друга територија). Сите пријавени прекршувања се оценуваат и се решаваат во согласност со Кодексот.

Прајсвотерхаус Куперс Ревизија ДОО Скопје има и голем број системи специфични за Република Северна Македонија кои вклучуваат.

Систем за следење на ротација кој ја следи усогласеноста со политиките за ротација на лидерите на ревизорски ангажмани во ПрајсвтерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, другите клучни партнери и клучни врботени вклучени во ревизијата;

## Ротација на клучните партнери и клучните вработени вклучени во ревизијата

Во однос на ревизија на субјект од јавен интерес, поединецот нема да биде клучен партнер за ревизија (Key Audit Partner- KAP) повеќе од седум години. После тоа, поединецот нема да биде член на тимот на ревизорски ангажман или да биде KAP за клиентот две години. Во текот на тој период, поединецот нема да учествува во ревизијата на субјектот, да обезбедува контрола на квалитетот на ангажманот, да се консултира со тимот на ангажманот или клиентот во врска со технички или индустриски специфични прашања, трансакции или настани или на друг начин директно да влијае на исходот од ангажман. Истата политика важи и за овластениот законски ревизор вклучен во анажманот. Фирмата-членка воспостави соодветен механизам за постепена ротација во однос на највисокиот персонал вклучен во законската ревизија, вклучувајќи ги барем лицата кои се регистрирани како законски ревизори. Механизмот на постепена ротација се применува во фази врз основа на поединци, а не на целиот тим на ангажманот.

## Обука и потврда за независност

PwC ЦИЕ им обезбедува на сите партнери и вработени во праксата годишна или постојана обука за прашања поврзани со независност. Обуката обично се фокусира на релевантни теми при промената на позицијата или улогата на вработените, промени во политиката или надворешната регулатива и, како што е релевантно, обезбедувањето на услуги. Партнерите и вработените добиваат компјутерска обука за политиката на независност на фирмата и сродни теми. Дополнително, обука лице-в-лице им се доставува на членовите на практиката по потреба од специјалисти за независност на ЦИЕ.

Од сите партнери и вработени во праксата се бара да пополнат годишна потврда за усогласеност, при што тие ја потврдуваат нивната усогласеност со релевантните аспекти на политиката за независност на фирмата - членка, вклучувајќи ја и нивната лична независност. Покрај тоа, сите партнери потврдуваат дека сите неревизорски услуги и деловни односи за кои тие се одговорни се во согласност со политиката и дека се следат потребните процеси при прифаќањето на овие ангажмани и деловни односи.

Овие годишни потврди се дополнети со потврди на ниво на ангажман за сите вработени кои се вклучени во ангажмани за ревизија.

## Следење на независноста и дисциплинска политика

ЦИЕ е одговорна за следење на ефективноста на нејзиниот систем за контрола на квалитетот во управувањето со усогласеноста со барањата за независност. Покрај потврдите опишани погоре, како дел од овој мониторинг, вршиме:

- Тестирање на усогласеност на контролите и процесите на независност;
- Тест за усогласеност на личната независност на избор на Партнери и членовите на менаџерскиот тим, како средство за следење на усогласеноста со политиките за независност; и
- Годишна проценка на придржувањето на фирмата - членка кон Стандардот на PwC мрежата во врска со независноста



- Резултатите од набудувањето и тестирањето на ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје се пријавени на раководството на фирмата преку процесот на AQI.
- ЦИЕ има воспоставена дисциплинска политика и механизми кои промовираат усогласеност со политиките и процесите на независност и за кои е потребно да се пријават и да се решат сите прекршувања на барањата за независност.
- Ова би вклучувало дискусија со Одборот за ревизија на клиентот во врска со природата на повредата, проценка на влијанието на повредата врз независноста на фирмата - членка и потребата од заштитни мерки за одржување на објективноста. Иако повеќето прекршувања се мали и се препишуваат на превид, сите прекршувања се сфаќаат сериозно и се испитуваат како што е соодветно. Истражувањата за какви било идентификувани прекршувања на политиките за независност служат и за идентификување на потребата од подобрувања во системите и процесите на ПрајсвтерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје и за дополнително упатство и обука.

## Изјава на раководството во врска со практиките и прегледот на независноста

Раководството во Северна Македонија изјавува дека процедурите за обезбедување независност се во согласност со важечките прописи.

Последниот внатрешен преглед на усогласеноста со независноста беше спроведен на регионална основа на PricewaterhouseCoopers CEE и беше завршен во мај 2022 година.

## Проверки при прифаќање на ревизорски ангажман

